# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ
за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

1. **Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес**
   1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес:
   Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје

   1.2 Седиште: Бул. Свети Климент Охридски бр. 63А-8, Скопје

   1.3 Податоци за контакт:
   Факс: /;
   e-mail: info.umpaki@gmail.com;
   веб страница: www.umpaci.com;
   Тел. 072230688

   1.4 Дејност од јавен интерес: Уметност, култура и заштита на културно наследство

   1.5 Години на дејствување: повеќе од шест годни (2016- )

   1.6 Ниво на дејствување: Национално

   1.7 Организациска структура: Собрание, Надзорен и Управен одбор
   1.8 Човечки ресурси: Четворица хонорарно ангажирани лица и двајца волонтери

   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи: Стопанска комора на Северна Македонија, b.creative Network, CNB Denmark

2. **Буџет**
   2.1 Вкупен буџет: 1 750 500 денари
   2.2 Извори на финансирање: Сопствени; Министерство за култура на РСМ и Град Скопје

3. **Резиме на програмата за работа**

Во 2022 година УМПАКИ успеа да ја реализира планираната и зацртана Програма за дејствување во 2022 година. Имено се направија и реализираа следните активности кои во голема мера беа во заедничка соработка со организации со кои Унијата има склучено
Меморандуми за соработка:

- Се започна со реализација на проектот Koockle, во соработка со аудиовизуелна компанија од Битола и Интернационалниот Унивезритет Еуропа Прима од Скопје – дигитална едукативни платформа за креативните индустрии. Беа направени анализи, истражувања, курикулуми како и се направи напор за професионално реалзиирање со обзбедување и соработки еминененте и искусен наставен кадар;
- Активно се зеде учество во управување со проекти кои бараа решавање на проблеми и споделување на практики за соработка меѓу одделните асоцијации кои се дел од Унијата;
- Активно се работеше и се даваше поддршка на правни лица и организации од областа на фотографија, музика, архитектура, дизајн, филм и гејминг;
- Се оддржаа неколку работни средби со претставници на Организации со управување на автроските и сродните права во Република Северна Македонија;
- Се оддржаа три работни средби со претставници на Организации со управување на авторските и сродните права во Република Словенија, Република Косово и Република Црна Гора;
- Се оддржаа неколку работни средби со претставници на Министерството за култура на РСМ – со Министерката за култура, со заменик Министерот како и со одговорни лица во секторот креативни индустрии;
- Активно учество на домашни и меѓународни форуми и конференции од областа на креативните индустрии (форуми под покровителство на УНЕСКО во Битола, настани од областа на фотографијата и филмот во Скопје, интернационални конференции во Шпанија и Словенија)
- Оддржување на неколку работни средби со работни групи во Министерството за Култура на Република Северна Македонија, на кои се дискутираше за унапредувањето на овој сектор во нашата држава
- Активно учество во работата на Министерството за култура и Советот на Европа за изготвување на Cultural Peer Review
- Партиципирање во неколку проектни апликации во Еразмус + програмата и програмите Култура и МЕДИА на Креативна Европа.
- Учество на првиот Саем на Креативни Индустрии во Скопје и Битола
- Соработник и експерт во извештајот „Влијанието на Ковид 19 на Културните и креативни индустрии во Р.С.Македонија''
https://www.cultureinexternalrelations.eu/2022/12/20/download-our-report-impact-of-covid-19-on-the-cultural-and-creative-industries-ccis-in-north-macedonia/?fbclid=IwAR0mDF5egrxbd7MiEacdls5NwNZ0p3c-fuBgBTRH8Htt6jBsnsKUN_vyEGI
- Соработка со Serbia Creates за истражувањето „Мапирање на креативните индустрии во Западен Балкан''
https://www.rcc.int/pubs/137/mapping-of-the-creative-industries-in-the-western-balkans
- Позиција експерт, развој на креативни и културни индустрии СКОПЈЕ 2028 - Европска престолнина на културата, потенцијален кандидат.

Исто така, во текот на 2022 година УМПАКИ ги реализираше следните проекти:

**I. „ВИДЕО ИГРОТЕКА / ГЕЈМ ЦЕМ 2022“**

**II. „Меѓународен форум на креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија“**

**III. „Креативен Бизнис Куп Северна Македонија 2022“**

## I. „Видео игротека / Гејм Цем 2022“

Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, минатата (2022) година во периодот од 13ти мај до 13ти јуни, по трет пат го реализираше проектот „Видео игротека''.

***Општа цел на проектот***:
Целта на проектот беше да се промовираат културата и креативните индустрии и да се прошири опсегот на културни и економски придобивки.

***Цел на проектот***:
Проектот се состоеше од повеќе активности, а се започна со објавување на конкурс за најдобар концепт за видео игра на тема „Заштита на животната средина“. Конкурсот беше распишан за деца и млади од 7 до 18 годишна возраст на ниво на цела Македонија. Целта на повикот беше да се обрне внимание на бројните еколошки проблеми и енормната потреба од заштитата на животната средина, а воедно децата и младите да се поттикнат да ги користат новите технологии на креативен начин преку видео игри како еден од најбрзо растечките нови медиуми.
На повикот пристигнаа 15 концепти и истите ги оценуваше трочленото жири составено од Гораст Цветковски, Бобан Стојчевски и Милан Петровски. На 13ти јуни трочленото жири ги избра најдобрите концепти. Беа доделени награди за прво, второ и трето место како и награди за најдобар тимски концепт, награди за најмлади учесници како и две награди за Школо со најголем број пријавени проекти. Покрај наградите, учесниците се стекнаа и со сертификати за учество.

Во периодот помеѓу 30ти мај и 9ти јуни, Унијата УМПАКИ Скопје, во соработка со еколошкото здружение Гоу Грин од Скопје, организираше три работилници-предавања за деца за заштита на животната средина, проследени со патувачко кино односно со проекции на два филма. Трите предавања ги водеа Мила Јовановска и Борче Кузмановски, претставници од Еколошкото здружение Гоу Грин од Скопје кои на учесниците на интересен начин им ја претставија еко-иновацијата – мобилна станица за селекција на отпад со соларни панели кои создаваат струја потребна за проекција на еден филм. Предавањата беа оддржани во Скопје, Гостивар и Делчево.

Во периодот од 30ти мај до 13ти јуни се реализираше и третата активност, односно во неколку градови се прикажаа два филма на тема поврзана со дигиталните технологии (видео игрите). Станува збор за проекција на францускиот филм за деца „Патешествието на принцот” со превод на македонски и албански јазик и проекција на данскиот семеен филм „Хакер“ синхронизиран на македонски и албански јазик. Филмовите се прикажаа во пет града и тоа: Скопје, Неготино,

Делчево, Свети Николе и Гостивар. На сите проекции присуствуваа над 300 деца, вкупно 357 гледачи.

Исто така во рамки на проектот беше оддржана и патувачка работилница за дизајнирање и основи на видео игри. Работилницата се одвиваше во Свети Николе и Делчево, под менторство на Милан Петровски, а истата беше наменета за деца од 7мо до 9то одделение. Целта на овие работилници беше децата да се запознаат со концептите поврзани со дизајнирање на видео игри на забавен и лесно разбирлив начин.

Како втор дел на проектот „Видео игротека'', во периодот од 3ти до 4ти ноември 2022 година, се оддржа настанот „Гејм Џем'' со поддршка од Град Скопје. Настанот беше наменет за деца и млади и се реализираше во фоајето на кино „Синеплекс" во Сити Мол, Скопје. Целта на проектот беше да се промовираат културата и креативните индустрии и да се прошири опсегот на културни и економски придобивки. Младите да се запознаат со креативните можности кои ги нуди еден од најбрзо растечките нови медиуми, а тоа се видео игрите, да им се објасни процесот на создавање Видео игри, да ги разберат и да научат креативно да ги користат дигиталните алатки за нивно создавање. Настанот „Гејм Џем" 2022 година, се состоеше од неколку активности и тоа:

1. Правење концепт за видео игра во која што децата имаа можност да креираат концепт за игра во рамките на одредено време и локација. Дополнително, заедничкото креирање на игра како социјално искуство поттикна активни и колаборативни формати за учење при што ги запозна учесниците со компјутерската наука и еден нејзин друг аспект, а тоа е забавниот и ангажиран потенцијал.
2. Презентација на македонски гејминг студија - Во оваа активност на децата им беа презентирани поголемите гејминг студија во нашат држава, исто така тие имаа можност да видат и да играат видео игри кои што се создадени во нашата држава.
3. Гостување на креаторите на играта Paint the thing, Марио Павлески и Виктор Попов. - Во оваа активност децата имаа прилика да се запознаат со самите креатори на играта Paint the thing, која што беше избрана за најдобра игра во Европа и се претстави на глобалниот Гејм Џем во Бразил.

**Целна група и целно подрачје опфатени со реализацијата на проектот:**
Целна група беа деца и млади на возраст од 7 до 18 години, а беа опфатени градовите Скопје, Неготино, Делчево, Свети Николе и Гостивар.

**Заклучоци и идни планови во врска со проектот:**

Проектот Видео Игротека со одржливоста како примарна цел сака да ја едуцира и инспирира следната генерација на еколошки свесни поединци. Со комбинирање на забавна и едукативна игра со содржина фокусирана на одржливост, се надеваме дека ќе ги вклучиме децата и ќе ги охрабриме да размислуваат за тоа како нивните постапки влијаат на животната средина. Нашиот проект е важен чекор кон создавање поодржлива иднина за сите.
Дополнително, ќе продолжиме да истражуваме и да ги користиме најновите практики за одржливост во нашите проекти. Имајќи ги предвид овие чекори, уверени сме дека нашиот проект

за видео игри ќе помогне да се инспирира нова генерација еколошки свесни поединци кои се посветени на позитивно влијание на планетата.

## II. „Меѓународен форум на креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија“

Во периодот од 3ти до 4ти ноември 2022 година, во киното „Синеплекс“ во Скопје, Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со поддршка од Министерството за култура на Р.С Македонија, успеа да го реализира вториот Меѓународен форум за креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија. Станува збор за интерактивен настан кој на едно место собра претставници од креативните индустрии, претприемачи, иноватори, стопански комори, министерства, институции и други креатори на политики, како и претставници од граѓанското општество и меѓународните организации кои разговараа за бизнисот, можностите, развојот на меѓународни проекти, финансирањето итн.

***<u>Општа цел на проектот</u>***:
Главната цел на форумот беше поттикнување дискусии за креативните индустрии, за креативното и културното претприемништво, за жените претприемачи во креативните и културните индустрии и иновациите за да се забрза напредокот во овие индустрии, а со самото тоа да се допринесе кон побрз економски раст и развој на државата воопшто.

***<u>Цел на проектот</u>***:
Во текот на двата дена се промовираа креативните индустрии, концептот на креативно културно претприемништво кај жените, искуства и практики од земјите во регионот како Албанија, Србија, Бугарија и Хрватска. На форумот презентери беа релевантни експерти кои имаат искуство и продлабочени знаења на темата, како и успешни домашни креативни претприемачи, а свое излагање имаше и Министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска. Во рамките на форумот се одржа и панел дискусија на тема „Претприемништво во креативните индустрии: влијание врз економијата“, како и работилница менторирана од експерти од партнерската организација КЕА од Брисел.
Настанот беше поддржан од Министерството за култура и се реализираше во соработка со киното „Синеплекс“, КЕА, Асоцијацијата на креативни индустрии АКИ, Синесквер, Ливинг роомс и Дуки Дасо, со медиумско покровителство на ТВ Телма, иновативност.мк и умно.мк.

***<u>Долгорочни цели:</u>***

Афирмирање на креативното женско претприемништво како иновативен модел за развој на креативните индустрии и економија во РС Македонија.

***Краткорочни цели:***

Промовиран моделот на креативно женско претприемништво во креативните индустрии на најмалку 100 учесници на дводневниот настан – „Меѓународен форум за креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија“. Запознаени најмалку 1000 лица од општата јавност со концептот на женското претприемништво во креативните индустрии и со целта на проектот.

***Целна група и целно подрачје опфатени со реализацијата на проектот:***

Жени, девојки, жени претприемачки и млади лица (лица кои творат, се едуцираат или делуваат во културата и уметноста), претприемачи и претставници од граѓански организации кои делуваат во областа на културата, креативните индустрии и уметноста.

Креатори на политики од областа на културата, односно претставници од: Влада, Министерство за култура, Агенции за претприемништво, Фонд за иновации, Министерство за економија, Претставници од ЕУ Делегација во РС Македонија, Асоцијации од областа на културата и креативните индустрии, бизнис сектор чија дејност е тесно поврзана со културата и креативните индустрии, академска фела и експерти од областа на културата и креативните индустрии.

**Заклучоци и идни планови во врска со проектот:**

Меѓународниот форум за креативни индустрии и улогата на женското претприемништво ги собра жените од регионот за да ги споделат своите искуства и експертиза во креативните индустрии. Со нивно вмрежување и соработка, ние го промовираме учеството и лидерството на жените во овие индустрии, во кои традиционално доминираат мажи. Преку овој проект, ние ги поттикнуваме жените да создаваат и иновираат и веруваме дека тоа ќе има позитивно влијание и на креативните индустрии и на општеството во целина.
Ќе продолжиме да работиме и на развивање партнерства со други организации и институции кои ја споделуваат нашата посветеност за промовирање на учеството на жените во креативните индустрии. Дополнително, ќе настојуваме да создадеме повеќе насочени програми и иницијативи кои се однесува на специфичните потреби и предизвици со кои се соочуваат жените претприемачи во различни региони и сектори. Имајќи ги предвид овие чекори, уверени сме дека нашиот проект ќе продолжи да има позитивно влијание врз учеството и лидерството на жените во креативните индустрии и да помогне да се создаде поинклузивна и разновидна глобална заедница.

III. **„Креативен Бизнис Куп Северна Македонија 2022“**
- На 27 мај 2022 година, Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии, УМПАКИ, заедно со СмартАп – Лабораторијата за социјални иновации, по втор пат го реализираа најголемиот глобален натпревар за креативни индустрии – „Креативен Бизнис Куп 2022“.

***<u>Општа цел на проектот</u>***:
Општата цел на „Креативниот Бизнис Куп Северна Македонија 2022“ е да се зајакнат локалните претприемачи во културната креативна економија преку создавање средина во која ќе можат да ги развијат своите идеи и бизниси, да ги подобрат своите вештини со цел да ги прикажат можностите што тие ги нудат на поголем иновативен екосистем.

***<u>Цел на проектот</u>***:
„Креативен Бизнис Куп Северна Македонија 2022“ претставува единствен натпревар од глобален карактер за иновативни бизнис идеи од креативните индустрии кои имаат потенцијал да растат на глобално ниво.
Со поддршка од Creative Business Network (CBN) натпреварот се одржува во над 70 земји од светот и како таков Креативниот Бизнис Куп претставува единствена можност за македонските стартап компании да ја презентираат својата бизнис идеја пред жири составено од домашни и странски експерти, инвеститори и претприемачи.

Целта на проектот е формирање мрежа со претприемачи, инвеститори, експерти и ментори од 80+ земји, привлекување меѓународни инвестиции и меѓународна публика, место за инспирација за размислување на нови и различни начини, стекнување со знаење за развој на своите бизнис модели и стратегии за раст. Купот исто така има за цел да ја подигне свеста за потенцијалот и важноста на културната креативна економија во национален контекст и овозможување на градење релации/односи преку поврзување на различни чинители во секторот на културната креативна економија.

Останатите цели подразбираат градење на специфични капацитети меѓу 8 избрани тимови/стартапи – учесници, преку интензивна програма за обука. Со овој проект, на 8 финалисти, избрани креативни и иновативни стартапи од Северна Македонија им овозможивме да го презентираат и подигнат својот бизнис пред жири составено од домашни и меѓународни индустриски експерти и инвеститори, претприемачи од висок профил.

Победникот на Креативниот Бизнис Куп Северна Македонија 2022, во периодот од 27 до 28 јуни 2022 год., ја претставуваше Р.С Македонија на глобалното финале во рамките на BRIGHT конференцијата што се одржа во Копенхаген, Данска. Освен тоа, победникот доби и учество на Глобалната академија која се оддржа во склоп на Глобалното финале, во периодот од 3ти до 24ти јуни.

***<u>Целна група и целно подрачје опфатени со реализацијата на проектот</u>***:
Со реализацијата на овој проект беа опфатени сите млади претприемачи 18+ кои имаат свои стартапи и бизниси од различни индустрии на територијата на цела држава.
При организирањето и спроведувањето на овој настан, заедно со нас беа и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – ФИНКИ; СКАЛА – (Скала Магазин, Скала – Школа за дизајн, уметност и технологија и ИДТ – Институт за дизајн и технологија), Стартап Македонија и Dopeness Productions, кои дадоа поддршка во вид на обуки на нашите финалисти.
Како медиумски поддржувачи на овој настан беа: УМНО, Опсервер и Маркетинг365".

***<u>Заклучоци и идни планови во врска со проектот:</u>***
Учеството на „ Креативен Бизнис Куп " нуди единствена можност:
- да ја презентирате вашата идеја пред експертско жири и домашна публика и да добиете корисни совети за вашиот бизнис;
- да се запознаете и вмрежите со други бизниси и експерти;
- да бидете еден од победниците;
- да станете дел од „Креативната Бизнис Мрежа" (<u>Creative Business Network</u> - CBN) и да ги искористите можностите кои ги нуди таа - можности за финасирање, тренинзи, обуки, партнери и сл.

Планот за иднина е продолжување со спроведување на единстевниот натпревар за бизнисите од креативните индустрии од размери на глобално ниво и реализација на ТРЕТ „Креативен Бизнис Куп" преку кој ќе се овоможи вмрежување и запознавање со други бизниси и експерти, а воедно и ќе претставува можност вашиот стартап бизнис да порасне на глобално ниво и да се добијат корисни совети за сопствениот бизнис од докажани експерти.

**4. Транспарентност и отчетност**

Годишните приходи за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 год. изнесуваат 1.750.500 денари. Поголемиот дел приходите беа обезбедени од Министерствот за култура, на јавен конкурс, за реализација на два од реализираните проектите, поточно за проектите „Видеоигротека" и „ Меѓународен форум на креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија ", а останатите како приходи од извршени и реализирани услуги.

Во наведениот период не беа направени статусни промени.

Конфликт на интереси или евентуални судири на интереси не постојат во УМПАКИ и истото е регулирано со статутот на Унијата. Во телата на УНИЈАТА се делегирани членови од страна на Асоцијациите – членки на УНИЈАТА.

Во наведениот период 01.01.2022 – 31.12.2022 година не беше поведена постапка за забрана и престанок со работа на здружението и фондацијата; не беше поведено постапка за стечај или ликвидација на Унијата; жиро сметката беше активна и оперативна односно истата не беше блокирана.

Согласно член 75 став 1 алинеја 6 од Законот за здруженија и фондации, Годишните извештаи на Унијата за 2022 година, вклучително и Ревизорскиот извештај, ќе бидат уредно достапни и на веб страната на Унијата, со цел да се обезбеди целосна транспарентност во работењето.

Истовремено наведуваме дека УМПАКИ користи изнајмен канцелариски простор и техничка опрема за непречено функционирање и работење и тоа:

Персонален компјутер Intel Core i7-4770K
Monitor 24" Dell UltraSharp U2412M LED IPS, 16:10
Лап топ Lenovo IdeaPad S145-15IIL i5-1035G1
Лап топ Acer Aspire 5S A515-54G 1.6 GhzGHz i5-10210U
Екстерен преносен диск за податоци - HDD External 2.5" 2TB USB 3.0 WD Elements.
Принтер HP Laser Jet Pro MFP M125nw

Скопје, 18.04.2023
Место Датум

Елена Бојаџиева - Цветковска
Лице одговорно за составување на извештајот

______________________
Своерачен потпис

Елена Бојаџиева - Цветковска
Одговорно лице на организацијата
со статус од јавен интерес

______________________ М.П.
Своерачен потпис

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии
УМПАКИ
СКОПЈЕ

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ**

за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

согласно добиено Барање за корекција на Деловниот и финансиски извештај за 2022 година

со Арх.број 21-2/6 од 19.10.2023

**4. Транспарентност и отчетност**

Годишните приходи за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 год. изнесуваат 1.750.500 денари. Поголемиот дел приходите беа обезбедени од Министерствот за култура, на јавен конкурс, за реализација на два од реализираните проектите, поточно за проектите „Видеоигротека“ и „ Меѓународен форум на креативни индустрии и улогата на женското претприемништво во креативната економија “, а останатите како приходи од извршени и реализирани услуги.

Во наведениот период **не беа** направени статусни промени.

Конфликт на интереси или евентуални судири на интереси **не постојат** во УМПАКИ и истото е регулирано со статутот на Унијата. Во телата на УНИЈАТА се делегирани членови од страна на Асоцијациите – членки на УНИЈАТА.

Во наведениот период 01.01.2022 – 31.12.2022 година **не беше** поведена постапка за забрана и престанок со работа на здружението и фондацијата; не беше поведено постапка за стечај или ликвидација на Унијата; жиро сметката **беше активна** и оперативна односно истата не беше блокирана.

Согласно член 75 став 1 алинеја 6 од Законот за здруженија и фондации, **Годишните извештаи на Унијата за 2022 година, вклучително и извештајот од независниот Ревизор**, уредно и навремено **беа извршени и изготвени** и истите се поставени, објавени и **се достапни** и на веб страната на Унијата, со цел да се обезбеди целосна транспарентност во работењето.

Ова Дополнување на деловниот извештај за работењето на УМПАКИ за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година ќе биде поставено и на веб страницата на УМПАКИ со цел комплетно, транспарентно и јавно известување, согласно Статутот на Унијата.

Скопје, 30.10.2023
Место Датум

Елена Бојаџиева - Цветковска
Лице одговорно за составување
на извештајот

________________________
Своерачен потпис

Елена Бојаџиева - Цветковска
Одговорно лице на организацијата
со статус од јавен интерес

________________________ М.П.
Своерачен потпис

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ • СКОПЈЕ •